**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 08-53
27.02. **2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Изјавата од управителот на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп – Владимир Спасиќ од Прилеп (заверена на нотар) број УЗП 1333/2019 од 05.02.2019 година и Изјавата од сопственикот/основач на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп – Ѓорѓија Атанасоски од Прилеп дадена преку полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје (заверена на нотар) број УЗП 654/2019 од 06.02.2019 година, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Заклучокот бр.02-1122/15 од 27.02.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 11-та седница одржана на 27.02.2019 година, донесе:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп како имател на дозвола бр.08-10 од 05.01.2015 година за емитување на телевизиски програмски сервис со општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на државно ниво, на македонски јазик, преку сателит.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, со писмена изјава на имателот со која ја известува Агенцијата дека престанува со емитување на телевизиска програма, а согласно став 2 од истиот член за престанок на важноста на дозволата по сила на закон Советот не носи одлука и Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи согласно член 85 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, е имател на дозвола за телевизиско емитување бр.08-10 од 05.01.2015 година, со важност од 9 години (од 05 јануари 2015 година до 04 јануари 2024 година), за емитување на државно ниво, преку сателит, на целата територија на Република Македонија, телевизиски програмски сервис со општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик.

На 08.02.2019 година, РТД ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесе Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс Уп1 бр.08-46 од 08.02.2019 година, за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, кој ќе се

емитува преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на државно ниво, на македонски јазик.

Во прилог на погоренаведеното Барање, беа доставени и Изјава од управителот на РТД ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп – Владимир Спасиќ од Прилеп (заверена на нотар) број УЗП 1333/2019 од 05.02.2019 година и Изјава од сопственикот/основач на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп – Ѓорѓија Атанасоски од Прилеп дадена преку полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје (заверена на нотар) број УЗП 654/2019 од 06.02.2019 година, со кои изјавуваат дека по добивањето на нова дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, се согласни постојната дозвола за емитување бр.08-10 од 05.01.2015 година да престане да важи.

Со оглед на дадените Изјава од управителот на РТД ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп – Владимир Спасиќ од Прилеп (заверена на нотар) број УЗП 1333/2019 од 05.02.2019 година и Изјава од сопственикот/основач на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп – Ѓорѓија Атанасоски од Прилеп дадена преку полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје (заверена на нотар) број УЗП 654/2019 од 06.02.2019 година, а имајќи предвид дека Советот на Агенцијата на 10- та седница одржана на 25.02.2019 година донесе Одлука УП1 бр.08-46 од 25.02.2019 година со која на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп му додели дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик, на државно ниво, што ќе се емитува преку јавна електронска коминикациска мрежа што не користи ограничен ресурс, дозволата бр.08-10 од 05.01.2015 година, согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, престана да важи по сила на закон.

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп од регистарот на радиодифузери, како имател на дозвола за телевизиско емитување бр.08-10 од 05.01.2015 година, за емитување на државно ниво, преку сателит, на целата територија на Република Македонија, телевизиски програмски сервис од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 27/19), Изјавата од управителот на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп – Владимир Спасиќ од Прилеп (заверена на нотар) број УЗП 1333/2019 од 05.02.2019 година и Изјавата од сопственикот/основач на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп – Ѓорѓија Атанасоски од Прилеп дадена преку полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје (заверена на нотар) број УЗП 654/2019 од 06.02.2019 година, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1;
- Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп; и
- Агенцијата за електронски комуникации.